MACEDONIAN

**Документ за дискусија за**

# Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат телефонирајте на 1300 880 043, користејќи National Relay Service на 13 36 77 ако е потребно, или праќајки имејл на ofd@dhhs.vic.gov.au

Одобрила и објавила Викториската влада, 1 Treasury Place, Мелбурн.

© Држава Викторија, Министерство за здравство и општествени служби, мај 2016.

Кога се користи терминот „абориџински“, тој се однесува и на Абориџините и на луѓето од Островите во Теснецот Торес. Поимот „домородни“ е задржат кога е тој наслов на извештај, програма или цитат.

ISBN/ISSN 978-0-7311-6910-8 (Print)

Само веб ISBN/ISSN 978-0-7311-6920-7 (pdf/online)

Достапно на www.statedisabilityplan.vic.gov.au

Печат: Finsbury Green, Мелбурн (1512022)

# Предговор на министерот

Секој Австралиец има прво на еднаквост, но – за жал – тоа не е секогаш случај за повеќе од 1,1 милион Викторијци со попреченост. Лабуристичката влада на Ендрјус е решена да го смени тоа.

Ние сме посветени на правото на Викторијците со попреченост да живеат и учествуваат во викториското општество на иста основа како сите други – да бидат поддржани во нивните аспирации за секојдневен живот, при што ќе бидат ценети според нивните напори и постигања.

Следните четири години ќе бидат период на голема промена и можности додека преминуваме на NDIS – не само за луѓето со попреченост, туку и за викториското општество како целина.

За да ги зголемиме до максимум општествените и економските користи од NDIS, мора да направиме повеќе како држава – во јавниот и приватниот сектор, на нашите работни места, во нашите училишта и во општеството – за да обезбедиме дека луѓето со попреченост можат целосно да учествуваат во секојдневниот живот.

Тоа е суштината на државниот план за попреченост.

Наша визија е една сеопфатна Викторија која им помага на луѓето со попреченост да водат секојдневен живот што ги прави задоволни. Со тоа на ум, во документот за дискусија се посочуваат четири широки подрачја каде треба да преземеме акција заради остварување на таа визија – граѓанство, еднаквост, вработување и максимално користење на NDIS.

Нашите амбиции се многу јасни.

Сакаме Викторија подобра за луѓето со попреченост.

Сакаме Викторија да биде национален предводник во остварувањето на општествените, економските и граѓанските аспирации на луѓето со попреченост.

Исто така сме решени да се справиме со културата на малтретирање со која се соочуваат луѓето со попреченост, што беше изнесено на виделина преку неодамнешните анкети од страна на Народниот правобранител, Парламентот и Кралската комисија за семејното насилство.

Државниот план за попреченост 2017-2020 ќе биде вообличен со помош на вашите коментари и идеи.

Ги повикувам сите Викторијци, со и без попреченост, да се вклучат во овој важен разговор. Од сега па до 2020 година треба да соработуваме за да земат замав општествениот и економскиот напредок на Викторијците со попреченост, а потоа да го искористиме тој замав за да се постигне вистинска промена.

Времето за акција е сега. Тоа не можеме да го направиме без вас.





**Martin Foley MP**
Министер за домување, попреченост и стареење

# Помогнете во обликувањето на следниот државен план за попреченост

Во текот на 2015 година го почнавме процесот на подготвување на државниот план за попреченост 2017-2020. Се сретнавме со повеќе од 200 лица со попреченост, одржавме две дискусии околу тркалезна маса со врвни тела, официјални агенции и организации за застапување, и соработувавме со Викторискиот советодавен совет за попреченост, за да извлечеме 42 поднесоци од органите на локална власт. Исто така ги анализиравме коментарите на 775 лица со попреченост како дел од шестмесечниот прашалник за државниот план за попреченост 2013-2016.

Тоа многу нѝ кажа за тоа што е важно за луѓето со попреченост. Меѓу многуте лични искажувања, идеи и проблеми се појавија некои значајни теми, вклучувајќи дека:

- недостапни средини, градби, системи и услуги и натаму ги исклучуваат луѓето навистина да бидат дел од заедницата
- негативниот однос на заедницата има далекусежни и тешки последици за животот на луѓето
- луѓето со попреченост и натаму се борат да бидат независни и нивниот глас повеќе да се слуша во поглед на нивните животи и работите што им се важни
- економското учество е од животно значење – за идентитетот, безбедноста и вклученоста во општеството
- постои потреба од поголема отчетност, вклучувајќи ги мерките и целите, што ќе ја движи промената.

Овие информации, заедно со претходни консултации, извештаи, анкети и истражувања, обезбедија основа за два документа:

- овој документ за дискусија
- придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, кој дава подетални информации и докази за идентификуваните теми.

Во текот на 2016 година Владата сака да слушне што има да рече јавноста – вклучувајќи ги луѓето со попреченост, негувателите и луѓето без попреченост – за акциите што мислат дека Викторија треба да ги преземе.

Документот за дискусија, придружниот документ и низа други материјали што може да ви користат да нѝ ги дадете вашите коментари се на располагање на: www.statedisabilityplan.vic.gov.au

Почетниот и последниот ден за поднесување на коментари се објавени на: www.statedisabilityplan.vic.gov.au

**Веб:** Преку веб страницата за консултации на www.statedisabilityplan.vic.gov.au.

**Поштенска адреса:** Victorian State Disability Plan 2017–2020, Office for Disability Department of Health and Human Services<br>50 Lonsdale Street<br>GPO Box 4057, Melbourne 3000

**Имејл:** statedisabilityplan@dhhs.vic.gov.au

**Телефон:** 1300 880 043

TTY/говорни повици – 133 677 потоа побарајте поврзување со 1300 880 043

Повици „Зборувај и слушај“ – 1300 555 727 потоа побарајте поврзување со 1300 880 043

Сите коментари ќе ја вообличат конечната верзија на Викторискиот државен план за попреченост 2017-2020, кој ќе стапи во сила на 1 јануари 2017.

# Содржина

Предговор iii

Помогнете во обликувањето на следниот државен план за попреченост iv

Вовед 1

Што содржи овој документ за дискусија? 2

Тема 1: Активно граѓанство 3

Тема 2: Права и еднаквост 7

Тема 3: Економско учество 11

Тема 4: Максимално користење на NDIS 15

Целни резултати 19

Заклучок 22

# Вовед

Секој петти жител на Викторија има попреченост.

Сите тие жители на Викторија ја доживуваат попреченоста на различен начин – зависно од индивидуалните околности, животните искуства, природата и степенот на попреченоста, и од нивните потреби и способности.

Освен тоа, нивното доживување на попреченоста го обликуваат општествените, културните, образовните, економските и бариерите на средината со кои се соочуваат секој ден. Луѓето со попреченост исто така може да се соочуваат со дополнителни слоеви на неповолна положба поради нивниот пол, возраст, културолошко или верско потекло, абориџинско потекло, сексуална ориентација и општествено-економска ситуација.

Иако природата и степенот на оваа подреденост е различна од едно до друго лице, за Викторијците со попреченост – општо земено – е поверојатно да доживуваат дискриминација и понижување, да живеат во сиромаштија, да се со полошо здравје, пониски степени на образовни достигања и да се невработени.[1]

Овој документ за дискусија се однесува на сите Викторијци со попреченост и размислувањето зад него е едноставно: треба да направиме многу повеќе за луѓето со попреченост за тие да бидат целосно вклучени во викториската заедница. Наш стремеж е Викторија да биде национален предводник на ова поле.

Викторија започнува со примена на Националната осигурителна шема за попреченост (National Disability Insurance Scheme - NDIS); Австралија е потписничка на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на луѓето со попреченост; нашата Федерација има **Федерален закон против дискриминација на луѓето со попреченост од 1992 година** (**Commonwealth Disability Discrimination Act 1992**) и Национална стратегија за попреченост 2010-2020, а на ниво на државата ги имаме **Законот за попреченост од 2006 година (Disability Act 2006)**, **Викториската повелба за човечки права и одговорности од 2006 година (Victorian Charter of Human Rights and Responsibilities Act 2006)** и **Викторискиот закон за еднакви можности од 2010 година (Victorian Equal Opportunity Act 2010)**.

Претходните два викториски државни плана за попреченост беа на чело на еден нов начин на размислување за попреченоста, водени со посветеност кон човечките права и фокусирани на зголемување на индивидуален избор и контрола, и вклученост во заедницата. Ваквото размислување е основата на NDIS што треба целосно да профункционира до 2020 година.

NDIS е реформа што се прави еднаш во генерација и која ќе им овозможи на околу 105.000 Викторијци со попреченост да ја добијат потребната поддршка за водење целосен и активен живот – да одат во училиште, TAFE или универзитет, да се вработуваат, да бидат дел од заедницата. Но, тоа мора да биде дополнето со поширока реформа. Исто така треба да обезбедиме нашите главни служби – и пошироко, викториската заедница – да бидат достапни и сеопфатни, за сите луѓе со попреченост да имаат исти можности како сите други граѓани.

Парламентарната анкета за општествената вклученост и Викторијците со попреченост го потврди тоа што веќе го знаевме – и покрај фактот дека Викторијците со попреченост ги имаат истите права како нивните сограѓани, тие често се соочуваат со значителни пречки за учество во општествениот, економскиот и граѓанскиот живот, и – како резултат на тоа – не можат целосно да го искористат нивниот потенцијал. Тие се често жртви на свесна и несвесна пристрасност, кога се прават неточни претпоставки за тоа што можат, а што не можат да прават.

Постои итна потреба да се направи повеќе за сите Викторијци со попреченост.

Тоа е обврска што сите ја споделуваме – владите, бизнисите, заедниците и поединците.

1 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн.

# Што содржи овој документ за дискусија?

Во документот за дискусија се опфатени четири теми.

Тие четири теми се:

- активно граѓанство
- права и еднаквост
- економско учество
- максимално користење на NDIS.

Викторискиот државен план за попреченост 2017-2020 ќе биде јасно фокусиран на резултати за кои ќе се постигне согласност и ќе може да бидат оценувани.

Со тоа на ум, во документот за дискусија се разгледува што треба да направиме поинаку за да постигнеме резултати кои ќе направат конкретни промени во животот на луѓето со попреченост.

Цел на документот за дискусија е да продолжи разговорот што започна во 2015 година. Некои идеи за акција се вклучени во секоја од темите, но сакаме да дознаеме што ви е важно вам – што ќе направи најголема разлика во вашиот живот – и што владата, бизнисот и заедницата може да направат за тоа да се случи.

За да ви помогнеме да дадете коментари за овој документ и за да ги поттикнеме вашите размислувања, вклучивме три или четири прашања на крајот на секоја тема и на крајот од поглавјето „Целни резултати“. Во секоја од темите има малку различни прашања, но во сите се прашува:

- Кои практични промени ќе прават разлика за вас?
- Како треба да го мериме напредокот?
- Што Владата може да стори за да се направи вистинска разлика на ова поле?
- Што заедницата и бизнис секторот може да сторат за да се направи вистинска разлика на ова поле?

Исто така сакаме да знаеме дали мислите дека четирите широки теми се занимаваат со прашањата што се најважни за вас и претставуваат вистинска рамка за следниот викториски државен план за попреченост.

Вашите коментари ќе помогнат да се вообличи конечниот план.

# Тема 1:
# Активно граѓанство

… бидејќи луѓето со попреченост треба да можат да учествуваат во комуналниот и граѓанскиот живот

Помалку од

1%

од членовите на советите и одборите во јавниот сектор се луѓе со попреченост.[2]




68%

од луѓето со попреченост се занимаваат со спорт

79%

од луѓето без попреченост се занимаваат со спорт.[3]

**‘Ако глуво лице сака да биде член на совет на директори на комунална или спортска организација, многу малку е веројатно дека организацијата ќе плати за потребната достапност, како што се преведувач или записничар, за да му помогне на лицето да учествува.’**

Извештај на анкетата за општествената вклученост



Само

6%

од претставниците во локалната управа се луѓе со попреченост.[4]

2 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн, стр. 9.

3 Исто.

4 Исто,. стр.10.

# Тема 1:
# Активно граѓанство

## Значајни нешта што треба да се знаат

- Раното ангажирање со луѓето со попреченост потврди дека за нив граѓанското ангажирање и општествената вклученост се две од најважните прашања.
- Многу мал број луѓе со попреченост се на политички, избрани и други граѓански улоги во пошироката заедница, вклучувајќи ги позициите во управни одбори и совети.
- Кога станува збор за општествено учество, луѓето со попреченост често немаат можности. Помалку од една третина од Викторијците со попреченост (31 процент) се активно вклучени во групи на заедницата, во споредба со 36 проценти од вкупното население.
- Во една студија на Универзитетот Дикин, само девет проценти од луѓето со попреченост рекоа дека нивните потреби од социјални контакти се задоволени, а само шест проценти рекоа дека нивните потреби од вклученост во заедницата се целосно задоволени.
- Парламентарната анкета за општествената вклученост и Викторијците со попреченост утврди дека иако главните поставки се сметаат за идеални за подобрување на припаѓањето и општествената вклученост, голем број од нив не се целосно отворени.

За повеќе информации видете го придружниот документ.

Викторијците со попреченост треба да бидат активни учесници во животот на нивната држава.

Викторија направи значаен напредок во текот на последната деценија или повеќе. Имаме динамичен сектор на самозастапување. Имаме Викториски советодавен совет за попреченост (Victorian Disability Advisory Council), составен од луѓе со попреченост и негуватели, за да ја советува Владата за прашања во врска со попреченоста. Многу повеќе советодавни совети за попреченост работат на локално ниво. Но има уште многу да се направи.

Околу 20 проценти од сите Викторијци се со попреченост. [5] Сосема е логично да се обезбеди потребите и искуствата на овој голем дел од нашата заедница да бидат вклучени во јавната дебата и форуми за донесување одлуки. Меѓу другото, тоа значи подобрување на достапноста и начините на комуницирање, што им овозможува на сите луѓе да го искажат своето мислење, меѓу другото и низ гласачките кутии. Во интерес на сите е луѓето со попреченост самите да зборуваат за себе, наместо други да зборуваат во нивно име или целосно да бидат запоставени. Според голем број луѓе со попреченост, „ништо не треба да постои за нас, без нас“.

Да се биде поврзан и чувството на припадност е основа на искуството на секој човек за исполнет и плоден живот.
Ние, како заедница, имаме огромна корист од разноличноста и богатството на идеи, искуства и знаења кои луѓето со попреченост ги внесуваат во културниот, спортскиот, општествениот и граѓанскиот живот. Интегрирањето на можности за луѓето со попреченост да учествуваат во главните спортски активности и спортски клубови води кон зголемено општествено и граѓанско учество и помага да се скршат бариерите на негативно однесување. [6]

5 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн, стр. 2.

6 Исто., стр. 9.

Треба да им дадеме поддршка на сите членови нз заедницата да се вклучат и придонесат – како активни учесници, луѓе што донесуваат одлуки, предводници, гледачи и доброволци.

**Некои идеи за важни работи што треба да се направат во следните четири години вклучуваат:**

- активно зголемување на учеството на луѓето со попреченост во совети и одбори.
- развивање на лидерски потенцијали на луѓето со попреченост и отворање патишта за надежни лидери со попреченост.
- создавање повеќе можности за луѓето со попреченост да се искажат, да ги претставуваат нивните интереси и да влијаат на владините насоки
- отворање нови патишта и можности за луѓето со попреченост да се зачленат во културни и општествени клубови
- зголемување на капацитетот на различни спортови, заедно со локалните спортски и рекреативни клубови, да вклучуваат луѓе со попреченост.

## Прашања:

- Како поединец, што за вас би направило најголема разлика на ова поле?
- Како треба да го мериме напредокот?
- Што Владата може да стори за да направи вистинска разлика на ова поле?
- Што комуналниот и бизнис секторот може да сторат за да направат вистинска разлика на ова поле?

# Тема 2:
# Права и еднаквост

... заштита и промовирање на права и еднаков пристап кон можности

**Дискриминацијата поради попреченост е најчестата причина за жалби до VEOHRC во изминатите пет години.**[7]



Речиси

# 1 од 4

жени или девојки со попреченост се пријавени како жртви на домашно насилство.[8]



# 45%

од луѓето со попреченост живеат во или речиси во сиромаштија.[9]




За луѓето со попреченост е

# 6 пати

поверојатно дека живеат под кирија во објект на некоја државна служба за домување.[10]

7 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн, стр. 11.

8 Исто,. стр. 13.

9 Исто,. стр. 11.

10 Исто,. стр. 15.

# Тема 2:
# Права и еднаквост

## Значајни работи што треба да се знаат

- Луѓето со попреченост се соочуваат со значителна дискриминација, неповолна положба и нееднаквост. Во 2014-2015 година, една четвртина од сите жалби до Викториската комисија за еднакви можности и човечки права беа поради дискриминација врз основа на попреченост. Освен тоа, бројот на жалби се зголеми за 10 проценти во изминатите две години.
- Повеќе од шест проценти од Викторијците со попреченост живеат под кирија во јавни или социјални објекти, во споредба со само еден процент од луѓето со попреченост.
- Луѓето со попреченост бележат полоши здравствени резултати од луѓето без попреченост, и велат дека некои даватели на здравствени услуги немаат соодветна опрема или знаење за да им ги дадат потребните услуги.
- Нееднаквоста во достапноста на превозот е пречка за голем број луѓе со попреченост. Веројатноста на исклученост е дополнително зголемена во регионалните и оддалечените области.
- Кралската комисија за семејно насилство утврди дека секоја четврта жена или девојка со попреченост е пријавена како жртва на семејно насилство.
- Кралската комисија исто така утврди дека жените со попреченост се соочуваат со повисоки стапки на сите видови насилство, со зголемена жестокост и подолго од другите жени.

За повеќе информации видете во придружниот документ.

Викторијците се посветени на концептот на универзални права и праведност.

Но, постои разлика меѓу тоа во што веруваме и како се однесуваме.

Парламентарната анкета за општествената вклученост и Викторијците со попреченост утврди дека „Негативното однесување спрема попреченоста опстојува во заедницата и има последици на тоа како луѓето се однесуваат и комуницираат со луѓето со попреченост. Малите очекувања, одбегнувањето, дискриминацијата и непријателството резултираат со исклучување и несуштествено учество“.

Во неодамнешните истражувања за негата на луѓето со попреченост, што ги спроведе Викторискиот народен правобранител, се нагласува дека луѓето со попреченост и натаму се изложени на малтретирање. Изложеност на малтретирање и кршење на човечките права исто така се случува во пошироката заедница. Неодамнешната Кралска комисија за семејното насилство идентификува дека семејното насилство е дел од сериозниот и многу раширен проблем на насилство и малтретирање на луѓето со попреченост.

Нарушувањето на правата и еднаквоста се дополнети со неповолната положба и дискриминација што луѓето со попреченост исто така може да ги доживуваат врз база на полот, возраста, сексуалноста, абориџинското потекло, културолошкото потекло, вероисповеста и доселеничкиот статус. Сите овие фактори влијаат на секојдневниот живот на луѓето и на степенот на вклученост или исклученост со кој се соочуваат.

Заедно со сите други Викторијци, луѓето со попреченост редовно користат голема низа јавно достапни услуги и се ангажирани во разновидна низа на системи. За несреќа, секојдневна реалност за многу луѓе со попреченост е нееднаквиот пристап до места, услуги и информации за сѐ - од домувањето до образованието и вработувањето. Луѓето со попреченост исто така се соочуваат со нерамноправен третман во низа клучни системи, вклучувајќи ги здравството, превозот и правосудството.

Рамноправноста бара преземање акција тоа да се смени. Тоа значи да се направи секојдневните услуги повеќе да одговараат на потребите на луѓето со попреченост и подобрување на квалитетот и сигурноста, за да се обезбеди дека тие може да ги користат тие услуги со доверба.

Ние веќе имаме силен сектор за застапување на попреченоста, но можеме да направиме повеќе. Постоењето на правилни мерки за сигурност и универзална заштита, заради промовирање и заштита на правата на луѓето, е во основата на едно праведно општество. Тоа дава систем на меѓусебна контрола на различни сектори на владата, што обезбедува дека достоинството и правата на луѓето се заштитени и дека постои цврст темел што го поддржува вклучувањето во сите аспекти на животот.

Исто така работиме на подобрувањето на достапноста и реагирањето на низа системи на услуги. Тоа вклучува посветеност на вклучително образование и поддршка за деца и млади луѓе со попреченост во рамките на владиниот План за држава на образование и специјални потреби (Education State and the Special Needs Plan) за викториските училишта.

Од здравствените и комуналните служби финансирани од државата беше побарано да ја подобрат достапноста за луѓето со попреченост, како дел од обезбедувањето квалитетна нега фокусирана на поединец.

Владата продолжува да ја подобрува пристапноста на превозот за сите Викторијци. Тоа вклучува отстранување на физички пречки на пристап, подобрување на квалитетот на услуги и обезбедување дека достапноста зазема централно место на тоа како ја дизајнираме, планираме и проширувааме нашата транспортна мрежа.

Локалната управа исто така предничи во акциите за зголемување на достапноста на локални бизниси, како што е соработката со локалните занаетчии да го подобрат пристапот до локалните трговски делови, вклучувајќи ги кафетериите и ресторантите, за да обезбедат дека луѓето со попреченост може локално да купуваат и да јадат и пијат.

**Некои идеи за значајни работи што може да се направат во следните четири години вклучуваат:**

- јакнење на способноста на секторот за застапување на попреченоста да се ангажира за системски и индивидуални прашања
- вклучување на акции за спречување на семејното насилство фокусирано на луѓето со попреченост, како што се програми за обука и образование, во рамките на пошироката државна стратегија за спречување на семејното насилство
- зголемени опции за достапно домување на јавниот и приватниот пазар
- промовирање на универзални принципи на дизајнирање за сите градски плански и градежни проекти
- обезбедување сите новоизградени државни училишта да се дизајнирани така што ќе ги задоволуваат разновидните потреби на учениците
- подобрување и зголемување на обуката на образовните работници за рано детство и учителите, за да се задоволат потребите на децата со попреченост
- подобрување на достапноста на владините информации на интернет
- вклучување на чуствителноста кон потребите на луѓето со попреченост во стандардите на квалитет и купување за главните јавни услуги
- развивање на стратегии за спротиставување на несоодветно и навредливо јавно однесување
- понасочени напори да се обезбеди дека луѓето со попреченост имаат пристап до ефикасни превентивни здравствени служби.

## Прашања:

- Кои се за вас најважните прашања што треба да се решат?
- Како треба да го мериме напредокот?
- Што Владата може да стори за да направи вистинска разлика на ова поле?
- Што комуналниот и бизнис секторот може да сторат за да направат вистинска разлика на ова поле?

# Тема 3:
# Економско учество

… бидејќи луѓето со попреченост треба да бидат витален дел на викториската работна сила.

38%

од луѓето со попреченост на работна возраст завршиле 12. година во споредба со

61%

од луѓето без попреченост.[11]






Австралија е на

21 место

меѓу 29-те земји на ОЕЦД според вработувањето на лица со попреченост.[12]



53%

од лицата со попреченост се во работната сила во споредба со

83%

од лицата без попреченост.[13]



Стапката на вработеност на луѓе со попреченост во викторискиот јавен сектор падна на

3%[14]

11 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн, стр. 19.

12 Исто,. стр. 18.

13 Исто,. стр. 17.

14 Исто,. стр. 18.

# Тема 3:
# **Економско учество**

## Значајни работи што треба да се знаат

- Економското учество е од фундаментално значење за општествената вклученост, но во Викторија:
  - за 43 проценти од луѓето со попреченост некоја владина пензија или исплата е главниот извор на приход, во споредба со само 10 проценти од луѓето без попреченост
  - недоволната вработеност е вообичаена тема за која зборуваат луѓето со попреченост кои се вработени со неполно работно време (part-time). Тоа се одразува низ значително понизок просечен приход од $400 неделно на луѓето со попреченост, во споредба со $750 неделно за луѓето без попреченост
  - помалку од 27 проценти од луѓето со попреченост на возраст од 15 до 64 години имаат факултетска диплома (bachelor degree) или повисока квалификација, во споредба со околу 40 проценти од луѓето без попреченост.
  - само 49,9 проценти од учениците со попреченост кои завршиле професионални курсови и обука (vocational education and training) се вработиле по завршувањето на курсот, во споредба со 76,2 проценти на учениците без попреченост.
- Во текот на раните консултации постојано слушавме дека луѓето со попреченост сакаат да работат и да имаат свои пари, за да можат самите да одлучуваат за себеси.

За повеќе информации видете го придружниот документ.

Викторијците со попреченост имаат право на праведен однос на работното место.

Тие имаат право на добро образование.
Тие имаат право да ги реализираат нивните работни потенцијали. И тие имаат право на праведна плата.

За несреќа, многу луѓе со попреченост постигнуваат слаби резултати во образованието, што им ги ограничува патиштата кон натамошно образование и работни опции. Како последица на тоа, тие не се здобиваат со способности и подготовки што им се потребни за да бидат дел од економскиот живот на нашата заедница.

Освен тоа, луѓето со попреченост се соочуваат и со цела низа физички и бариери на однесување за да се вклучат во работната сила. Намалувањето на дискриминација на работното место – при добивање работа, останување на работа или градење на кариера – не е добро само за поединецот, туку е добро и за економијата. Подобрувањето на резултатите во поглед на вработувањето на луѓе со попреченост може да го зголеми бруто домашниот производ и да создаде попродуктивни работни места. Постоењето на повеќе луѓе со попреченост кои работат како полноправни сопственици на бизнис и како потрошувачи, ќе ја унапреди економската активност.

Сакаме Викторија во која луѓето со попреченост живеат самостојно, го наоѓаат сопствениот идентитет и место во заедницата, и си ја обезбедуваат економската индина.

NDIS ќе создаде нови можности за луѓето со попреченост да учествуваат во економијата – било како работници, работодавци, претприемачи, инвеститори или потрошувачи.

Но, за да се зголемат до максимум пошироките економски користи од NDIS, треба повеќе да се направи за да се надминат бариерите, за да се обезбеди дека работните места, вклучувајќи ги тие во приватниот и јавниот сектор, се отворени и ја отсликуваат разноличноста на сите Викторијци.

Направивме извесен напредок, но пред нас стојат уште многу предизвици и можности.
На пример, повеќе владини оддели стапија во партнерство со Австралиската мрежа за попреченост (Australian Network on Disability) за да понудат 'Stepping into' стажирање за универзитетски студенти со попреченост, со цел да се здобијат со драгоцено искуство во викториските јавни служби.

**Некои идеи за значајни работи што може да се направат во следните четири години вклучуваат:**

- подготвување конкретен акционен план за зголемување на економското учество на луѓето со попречност во Викторија, во партнерство со бизнис секторот
- проширување на достапноста на развивање на способности и на поддршката за вработување, за да им се помогне на луѓето со попреченост да обезбедат одржлив работен однос
- јакнење на поддршката на учителите и училиштата да ги задоволат потребите на учениците со попреченост
- подобрување на резултатите на учење и учество за студентите со попреченост преку иницијативите во Планот на специјални потреби (Special Needs Plan) за викториските училишта
- соработка со работодавци заради одржување на отворени и разнолични работни места
- влијаење врз снабдувачите да прифатат постапки со кои ќе се зголеми економското учество на луѓето со попреченост, преку усогласување на улогата на владата како главен снабдувач со стоки и услуги
- развивање на стратегии за зголемување на вработувањето на луѓето со попреченост во викторискиот јавен сектор.

## Прашања:

- Што треба да се направи за да се промовира економското учество на луѓето со попреченост?
- Како треба да го мериме напредокот?
- Што Владата може да стори за да направи вистинска разлика на ова поле?
- Што комуналниот и бизнис секторот може да сторат за да направат вистинска разлика на ова поле?

# Тема 4: Максимално користење на NDIS

… бидејќи главните служби се од критично значење за успехот на шемата

# Мапа на стапувањето на сила на NDIS во Викторија

Викторија ќе започнува со примена на NDIS во фази, почнувајќи од 1 јули 2016.

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Barwon ✓ | North Eastern Melbourne | Western District | Hume Moreland | Outer Gippsland |
| | | Central Highlands | Brimbank Melton | Mallee |
| | | Loddon | Western Melbourne | Goulburn |
| | | Inner Gippsland | Bayside Peninsula | |
| | | Inner Eastern Melbourne | Southern Melbourne | |
| | | Outer Eastern Melbourne | | |
| | | Ovens Murray | | |



# Тема 4:
# Максимално користење на NDIS

## Значајни работи што треба да се знаат

- Викторисканата влада инвестира во NDIS 2,5 милијарди долари годишно, за да им даде поддршка на Викторијците со попреченост, на нивните семејства, на даватели на услуги и персонал, и да обезбеди заштитна мрежа за попреченост за сите Викторијци.
- NDIS е национална програма што обезбедува нов начин на давање услуги и поддршка на луѓето со трајна и значителна попреченост во Австралија.
- Луѓето со попреченост кои учествуваат во NDIS може да ги избираат поддршката и услугите што ги задоволуваат нивните индивидуални потреби, наместо да треба да се вклопуваат во систем кој е еднаков за сите.
- NDIS ќе почне да се применува во Викторија постепено во период од три години, почнувајќи од јули 2016.
- Шемата е на располагање на Викторијците кои имаат трајна попреченост или состојба и:
  - имаат австралиско жителство
  - се помлади од 65 години
  - им е потребна помош од лице или опрема за да ги извршуваат секојдневните активности.
- За повеќе информации посетете ја интернет страницата на NDIS: www.vic.gov.au/ndis

Цел на Викторискиот државен план за попреченост е да се зголеми викторисканата вклученост и достапност преку конкретни акции во текот на следните четири години.

Во исто време, Викторија ќе почне да ја применува NDIS, што ќе стартува на 1 јули 2016 година, и ќе продолжи географски во текот на следните три години.

NDIS е нов начин на давање поддршка на луѓето со трајна и значителна попреченост, и на нивните семејства и негуватели, за да уживаат достоинство, избор на начинот на живеење и заштита на човечките права кои многумина од нас ги сметаме за „од Бога дадени“.

За време на периодот на функционирање на следниот државен план за попреченост, за нас ќе биде приоритет правилно да го применуваме NDIS.

До јули 2019, околу 105.000 Викторијци ќе имаат пристап кон NDIS. Освен тоа, една поширока група луѓе со попреченост ќе даваат информации и поддршка финансирани од NDIS.

Викторијците со попреченост, вклучувајќи ги луѓето кои ќе учествуваат во NDIS, ќе продолжат да добиваат услуги од главниот систем, такашто треба да продолжиме да работиме на достапноста и можностите за користење на нашите главни служби.

Тоа ќе ни помогне да ги подобриме резултатите за луѓето со попреченост во области како што се здравството, образованието, вработувањето и домувањето.

Исто така треба да обезбедиме ефикасна координација меѓу главните служби и NDIS.

**Прашања:**

- Што мислите дека се најважните начини на кои Владата може да им помогне на Викторијците да имаат најмногу корист од NDIS?
- Што мислите дека се најважните начини на кои заедницата и бизнис секторот може да им помогнат на Викторијците да имаат најмногу корист од NDIS?

# Целни резултати

… бидејќи сите имаме улога
во постигнувањето подобри
резултати

**‘Бидејќи нема мерила, никој не може да се земе на одговорност поради непостигнување на резултати.’**

Извештај на анкетата за општествената вклученост

**‘Правото да се владее е привилегија и не смее да се сфаќа како „од Бога дадено“. Владите исто така мора да бидат чесни и транспарентни.’**

Извештај на анкетата за општествената вклученост

Повеќе од

**80%**

Австралијци користат интернет.[15]

**‘Брзите промени во употребата на интернетот овозможија технологии кои на луѓето со попреченост може да им дадат можност да одлучуваат.’**

Извештај на анкетата за општествената вклученост

15 Министерство за здравство и општествени служби 2016, Придружен документ на документот за дискусија на Викторискиот државен план за попреченост 2017–2020, Влада на Државата Викторија, Мелбурн, стр. 16.

# Целни резултати

Викторија сака да види подобри резултати за луѓето со попреченост.

Ако, како држава, сме сериозни за фаќањето во костец со исклучувањето што го доживеале многумина Викторијци со попреченост, Владата треба да застане на чело.

Во владините оддели и повеќето локални општини веќе имаме акциони планови за попреченост.

Тоа е чекор во правилна насока. Меѓутоа, треба подобро да ги здружиме нашите напори на сите нивоа.

Исто така треба да го следиме нашиот напредок.

Треба да бидеме поотворени и потранспарентни за акциите што треба да се преземат.

Треба да работиме во партнерство со бизнисот и заедниците во преземањето акции.

И треба да ги мериме резултатите на тие акции.

**Некои идеи за значајни работи што може да се направат во следните четири години вклучуваат:**

- подобро интегрирање на планирањето за попреченост во владата на државата и во општините, вклучувајќи ги сите владини оддели и релевантни официјални агенции
- подготвување на рамки на резултати со јасни мерила и цели, за да се постигне поголема отчетност на јавниот сектор
- јакнење на социјалните медиуми и веб платформи, за да се поврзуваат со луѓе и идентификуваат проблеми и системски бариери
- јакнење на транспарентноста преку јавно известување.

## Прашања:

- Што Владата може да направи за да ја унапреди отчетноста за резултатите?
- Како Владата може да ги мери ефектите на планот?
- Како луѓето со попреченост може да бидат вклучени во процесот?

# Заклучок

Викторискиот државен план за попреченост 2017-2020 е подговен и ќе биде применет во време на значајни промени на полето на попреченост во Викторија.

Планот и акциите во врска со него ќе треба да се приспособуваат и менуваат како што средината се менува како резултат на NDIS.

Планот ќе биде наша шема за реформите што ќе треба да се направат за до максимум да се зголемат користите од NDIS.

Овој документ за дискусија наведува само некои размислувања на Викториската влада, но ние треба да слушнеме од Викторијците од сите потекла.

Сакаме да ги слушнеме вашите идеи и визии за иднината.

Државниот план за попреченост ќе биде објавен во декември и ќе стапи на сила на 1 јануари 2017.

Сите придонеси ќе нѝ помогнат да го финализираме планот.

Колку што е поголемо ангажирањето на заедницата, толку подобри ќе бидат резултатите за сите Викторијци.

Дознајте повеќе:
**www.statedisabilityplan.vic.gov.au**